| | |
|---|---|
| **Неделна Тема** | Воздухот  живот значи |
| **Содржина на денот** | Кап, кап |
| **Возраст** | 3-4 години |
| **Воспитувач** | Сања Ѓуреска |
| **Дневни активности** | |
| **Здрави и безбедни навики** | Разговор за значењето на воздухот ( одржување на физичко растојание, покривање на устата и носот при кашлање и кивање). |
| **Активности** | Активноста започнете ја со разговор за значењето на воздухот за целиот жив свет на планетата Земја (воздухот  е од исклучително значење за човекот, животните и растенијата). Најважен елемент на воздухот за одржување на животот на земјата е кислородот.<br>За да ги утврдиме веќе стекнатите сознанија за воздухот најдобро е да направите неколку истражувачки експерименти ( како дување на балон, а потоа испуштање на воздухот, дување на балончиња од сапуница или едноставно вклучете вентилатор, претходно надувајте балон и детето нека набљудува како воздухот го движи балонот на сите страни).<br>Откако ќе завршите со разговорот за значењето на воздухот  и со истражувачките игри подгответе се за музичката активност, односно за утврдување на песната ,,Кап, кап“. Започнете со вежби за правилно држење на телото при пеење и со вежби за правилно дишење , односно правилно земање воздух низ нос и испуштање водух низ уста. Потоа слушајте ја песната неколку пати за да се потсетите на мелодијата и на текстот, а потоа пејте ја заедно во придружба на музика се додека детето има интерес. Доколку детето покаже интерес може и да правите движења на песната според текстот и ритамот на песната.<br>Активноста завршете ја со ликовна игра ,,Сликање со мраз“ за која треба |

| | |
|---|---|
| | да се подготвите неколку часа пред нејзиното реализирање.<br>Подготовка: во пластичен сад за коцки мраз наполнете вода, а во водата ставете темперни бои  и промешајте. Откако ќе завршите со оваа постапка ставете по едно дрвено стапче во секоја коцка. Потоа ставете го садот во фрижидер додека да се смрзне водата. Кога ќе бидете подготвени за реализирање на активноста земете лист од блок, садот со смрзнати коцки и забавата може да започне. Децата ќе уживаат во оваа ликовно-истражувачка игра и истовремено ќе ја развиваат нивната креативност.<br>На крајот секогаш пофалете ја изработката на детето.<br><br>-Во прилог линк од песната: „Кап, кап“ – Златно Славејче 2015<br>https://www.youtube.com/watch?v=uHmxZZOW-Kg |